**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“- ШТИП**

**ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ**

# З Б О Р Н И К

## НАУЧНО - СТРУЧНА ТРИБИНА „ПРЕДИЗВИЦИТЕ И ПЕРСПЕКТИВИТЕ НА УЧИТЕЛСКАТА ПРОФЕСИЈА“



**ШТИП, 2016**

**ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ**

**НАУЧНО - СТРУЧНА ТРИБИНА**

**„ ПРЕДИЗВИЦИТЕ И ПЕРСПЕКТИВИТЕ НА УЧИТЕЛСКАТА ПРОФЕСИЈА “**

(одржана на ден **7.10.2016** година, Факултет за образовни науки, Штип)

2016, Штип

**За издавачот:**
проф. д-р Соња Петровска, декан

**Издавачки совет:**
проф. д-р Блажо Боев
проф. д-р Дејан Мираковски
проф. д-р Кирил Барбареев

**Уредувачки одбор – Editorial Board:**
проф. д-р Снежана Јованова Митковска
проф. д-р Снежана Мирасчиева
проф. д-р Кирил Барбареев
доц. д-р Даниела Коцева
доц. д-р Ирена Китанова

**Јазично уредување - Language Editor:**
Весна Ристова (македонски јазик)
м-р Снежана Кирова (англиски јазик)

**Дизајн на корица - Design:**
проф. д-р Никола Смилков

**Техничко уредување – Technical Editing:**
доц. д-р Даниела Коцева
доц. д-р Ирена Китанова

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

37.011.3-051 (082)

ПРЕДИЗВИЦИТЕ и перспективите на учителската професија:
научно-стручна трибина: (одржана на ден 7.10.2016 година, Факултет
за образовни науки, Штип) / [уредувачки одбор Снежана
Јованова-Митковска ... и др.]. - Штип: Универзитет „Гоце Делчев“,
Факултет за образовни науки, 2016. - 136 стр. ; 25 см

Фусноти кон текстот. - Библиографија кон трудовите. - Abstract

ISBN 978-608-244-365-2

а) Учителска професија - Зборници
COBISS.MK-ID 102229002

**СОДРЖИНА**

Предговор ...........................................................................................................................6

Снежана Јованова – Митковска
ДА СЕ БИДЕ УЧИТЕЛ!............................................................................................................7

Оливер Цацков
УЧИТЕЛОТ - ЛИЧНОСТ ШТО ТРЕБА ДА СЕ СЛЕДИ И ПОЧИТУВА...................................12

Снежана Мирасчиева, Емилија Петрова Ѓорѓева, Даниела Коцева, Ирена Китанова
ЗА ПРЕДИЗВИЦИТЕ И ПЕРСПЕКТИВИТЕ НА ПРОФЕСИЈАТА УЧИТЕЛ ………..............17

Елена Ташкова, Лидија Камчева Панова, Страхил Газепов
ПРЕДИЗВИКОТ НА УЧИТЕЛОТ ЗА РАБОТА СО УЧЕНИЦИ СО РЕФРАКТОРНИ АНОМАЛИИ ВО ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ ВО ООУ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ"- ШТИП …......................23

Снежана Јованова – Митковска, Билјана Попеска
ЕФЕКТИВНАТА, ЕФИКАСНА СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИТЕ - ПРЕДИЗВИК ЗА НАСТАВНКОТ ВО СОВРЕМЕНОТО УЧИЛИШТЕ...................................................................29

Даниела Коцева, Снежана Мирасчиева, Емилија Петрова Ѓорѓева, Ирена Китанова
ИНТЕРКУЛТУРНИТЕ КОМПЕТЕНЦИИ – ПРЕДИЗВИК ЗА НАСТАВНИЦИТЕ ВО МУЛТИКУЛТУРНИТЕ ОПШТЕСТВА ........................................................................37

Елизабета Симоновска
ВОСПИТУВАЧИТЕ И НАДАРЕНОСТА КАЈ ПРЕДУЧИЛИШНИТЕ ДЕЦА .............................42

Весна Димитрова
ВЛИЈАНИЕТО НА КРЕАТИВНАТА СРЕДИНА ВРЗ РАЗВОЈОТ НА ПРЕДУЧИЛИШНИТЕ ДЕЦА …………………………………………………….....................................................44

Весна Ничева, Нада Арсова
КРЕАТИВНОСТ ВО НАСТАВАТА ..........................................................................................49

Ирена Китанова, Емилија Петрова Ѓорѓева, Снежана Мирасчиева, Даниела Коцева
МОЖНОСТИ И ФОРМИ НА РАБОТА СО НАДАРЕНИТЕ УЧЕНИЦИ ОД ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ ………………………………………………………......................................57

Верица Јосимовска
ИНОВАТИВНИ МЕТОДИ ВО УЧЕЊЕТО И ПРОУЧУВАЊЕТО НА ЧУВСТВИТЕЛНИ И КОНТРОВЕРЗНИ ИСТОРИСКИ ТЕМИ ……………………….............................................62

Драгана Кузмановска, Снежана Кирова, Биљана Иванова
ФРАЗЕОЛОГИЗМОТ ВО НАСТАВАТА ПО СТРАНСКИ ЈАЗИК – ПРЕЧКА ИЛИ ПРЕДИЗВИК …………………………………………………………………………………..................................66

Ленче Насев
УЛОГАТА НА СОВРЕМЕНИОТ НАСТАВНИК ВО НАСТАВАТА ПО МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ …......................................................................................................73

Снежана Мирасчиева, Виолета Петкова
СОДРЖИНИТЕ НА НАСТАВНИТЕ ПРОГРАМИ ПО БАЛЕТ ВО ОСНОВНИТЕ МУЗИЧКИ УЧИЛИШТА - ПРЕДИЗВИК ЗА УЧИТЕЛОТ…………………………....................................77

Билјана Попеска, Снежана Јованова – Митковска
ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА BRAIN BREAK ВО УЧИЛИШТАТА ВО МАКЕДОНИЈА И ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА ИСКУСТВАТА ВО МЕЃУНАРОДНИ РАМКИ...................................83

Ружица Коштанова, Катица Костова
МОДНИТЕ РЕВИИ ВО СТРУЧНОТО ОБРАЗОВАНИЕ – ПРЕДИЗВИК ЗА НАСТАВНИКОТ........................................................................................................................90

Емилија Петрова Ѓорѓева, Снежана Мирасчиева, Ирена Китанова, Даниела Коцева
ВИДОВИ АСОЦИЈАЛНО ОДНЕСУВАЊЕ КАЈ МЛАДИТЕ СРЕДНОШКОЛЦИ…….................95

Емилија Угриновска, Билјана Илиев
СПОСОБНОСТИТЕ НА НАСТАВНИКОТ ЗА ПРЕПОЗНАВАЊЕ НА УЧЕНИЦИ СО ПСИХОСОЦИЈАЛНИ ПРОБЛЕМИ .........................................................................100

Киро Јорданов
ДИСЛЕКСИЈАТА - ПРЕДИЗВИК НА 21 ВЕК ………………….............................................104

Трајче Стојанов
КАЛОКАГАТИЈА КАКО ВОСПИТЕН ИДЕАЛ ……………………………………….................118

Милена Ристова Михајловска
ПРЕКУ ХЕРМЕНЕВТИЧКИ ИНТЕРПРЕТАЦИИ И АНАЛИЗА НА ТЕКСТ, СРЕДНОВКОВНАТА КНИЖЕВНОСТ ПОБЛИСКУ ДО СОВРЕМЕНИОТ ЧИТАТЕЛ, УЧЕНИК И СТУДЕНТ .......................................................................................................................124

Данче Николовска Вратеовска
СТИЛИЗИРАНИ ФАКТИ ЗА ЕКОНОМСКИТЕ ЦИКЛУСИ И ПОТРЕБАТА ОД АНТИЦИКЛИЧНА МАКРОЕКОНОМСКА ПОЛИТИКА……………………………..................134

# Учителот личност што треба да се следи и почитува

**ДОЦ.Д-Р ОЛИВЕР ЦАЦКОВ**

*Универзитет "Гоце Делчев"-Штип*

Апстракт

**Учителите кои се свесни за својата исклучителна и голема улога знаат да ја ценат дадената можност и чест, се гордеат со резултатите на својот труд и се радуват на успесите на своите учиници што ги допреле со својот професионален и личен авторитет. Покрај родителите, учителот е највлијателната личност во годините кога се формира личноста на ученикот. Главнито успех во изборот на неговата работа се состои во начинот како ќе им се доближи на учениците.Како со нив ќе постапува и каков ќе биде неговиот однос кон нив. Тој го постигнува тоа ако искрено ја сака својата професија и учениците. Треба да се каже и тоа дека не може да се замисли добат учител без неговите лични карактеристики и морални вредности.Само таков учител може да стекне доверба и да изгради авторитет помеѓу учениците,родителите и пошироката околина**

**Клучни зборови: улога, околина, почит**

## A TEACHER SHOULD BE A RESPECTED PERSON

Abstract

**Teachers who are aware of its exceptional role and great know how to appreciate given the opportunity and honor are proud of the results of its work and Radu the successes of their uchinici he touched with his professional and personal reputation. Besides parents, the teacher is the most influential person in the years to form the individual student. The main success in the selection of his work lies in the way will be closer to uchenicite.Kako them will act and what will be his attitude towards them. He achieves this sincerely loves his profession and students. It should be said that can not be imagined without Doba teacher's personal characteristics and moral vrednosti.Samo a teacher can gain trust and build credibility among students, parents and the wider environment**

**Key words: role, environment, respect**

Квлитетот на учителот е тема која дефинитивно не знае за временски и просторни рамки. Учителите кои се свесни за својата исклучителна и голема улога знаат да ја ценат дадената можност и чест, се гордеат со резултатите на својот труд и се радуват на успесите на своите учиници што ги допреле со својот професионален и личен авторитет. Покрај родителите, учителот е највлијателната личност во годините кога се формира личноста на ученикот. Ако е точно сознанието дека учителот е втор родител на ученикот, тогаш тешко е да се пронајде вистинскито збор што ќе ја одрази бладодарноста на ученикот и родителот кон учителот.Ова ја потврдува вистината дека учителот влијае врз формирањето на личноста на ученикот со своите педагошки сугестии како и врз

образованието и воспитанието со стекнување на најблагородните впечатоци во животот. Како и за неговата определба и идна професија.

Најдобрите преставници на човештвото и целиот цивилизиран свет од секогаш ја следеле и високо ја ценеле работата на учителот. За големата општествена и историска улога и одговорната и значајна работа како и за потребите за учител за образование на своите деца владетелите, трговците, занаетчиите одвојувале големи материјални средства за нивната услуга. И на синот Божји Исус Христос учениците му се обраќале со учителе.Кралот Филип втори македнски на пример за образованието на својот син Александар Македонски ќе го ангажира за учител Аристотел најголемиот ум на филозофската мисла во античкиот свет. Филип скапо ќе ја плати услугата. Аристотел за да ја прифати задачата како услов поставил Филип да ги изгради сите разурнати куќи во неговиот роден град Стагира. Филип ја прифатил задачата. Големиот учител пробудил кај Александар желба што повеќе да дознае и му всадил љубов кон науката.Историјата ,медицината, географијата биле само дел од науките што тој му ги предавал на Александар. Најголемиот светски осовојувач многу му должел на неговиот учител за она што го тој постигнал. Дисперверг ќе рече колку и да ги цениме книгите тие никогаш нема да го заменат духот на учителот.Додека познатиот светски педагог Макаренко за учителот ќе забележи дека никој неможе да направи толку голема штета како лошиот наставник.Брунер пак најдобриот наставник го споредува како градинар кој има мудрост да набљудува ,расудува и помага тогаш кога е потребно на ученикот. Еден од најголемите руски поети Мајаковски дури и напишал песна за учителот „ На третиот фронт“ во која го напишал следното „.. се издигнуваш како планина

На фронтот на учењето
На фронтот на книгата
Учителот е рамен на војник херој
Тој е голем борец на фронтот.

Уште поилустративно за својот учител ќе каже и херојот на Татковинската војна во СССР на кого сакале да му подигнат споменик во неговото родно село тој ќе рече „ Подигнете споменик на мојот учител,кој ми го покажа патот на животот , на мојата среќа. Како да ја сакам својата држава и да го дадам животот за неа“. Најистакнатиот македонски писател Глигор Прличев за својот учител Димитар Миладинов запишал..за него саканиот учител бил мелем за сите рани и болести, бил негов копнеж и сон, мечтаење за иднината и среќата..Индискиот водач Ганди за најдобар учител го сметал тој што ќе го извлече најдоброто од тој што го воспитува. Вакви примери има многу во кој се опишува огромното значење на професијата учител.

Главнито успех во изборот на неговата работа се состои во начинот како ќе им се доближи на учениците.Како со нив ќе постапува и каков ќе биде неговиот однос кон нив. Тој го постигнува тоа ако искрено ја сака својата професија и учениците. Треба да се каже и тоа дека не може да се замисли добат учител без неговите лични карактеристики и морални вредности.Само таков учител може да стекне доверба и да изгради авторитет помеѓу учениците,родителите и поширокота околина.Според природата на својата улога учителот е субјект во процесот на воспитанието и образованието, за што мора да биде свесен. Таа улога никој не може да му ја одземе ниту пак да му ја негира. Одговорноста за таа улога лежи во оспособувањето за ученикот за преземање на улогата субјект во одредена ситуација „наставниот процес, зависност од степенот на школувањето и развојните можности на ученикот многу е значајна задача на учителот во процесот на поучување и учење, компетентно да го води ученикот кон преземање улога на

субјект,воспоставување на соработка во која на природен начин се остварува реципроцитет на односи“[1].

Македонскиот народ има богата училишна традиција,а граѓаните имале голема желба нивните деца да се школуваат. По ослободувањето на Македонија нашата млада држава имала потреба од учители, а учителот бил призната и почитувана личност која ќе остави големи траги во развојот на целокупиот образовен процес на нашата земја.Трите учителски школи во Штип,Битола и Скопје ќе ги постават основите на македонската просвета и култура. Нашата држава имала потреба од учители за описменување на големиот процент на неписмено население.Учителските школи се вградиле во македонската историја на учителството. Дојдовме „ во Учителската школа Гоце Делчев во Штип како деца со желба да станеме учители, а излеговме како зрели луѓе способни да учиме деца да воспитуваме генерации.Дојдовме до овој расадник на кадар за да го распространиме семето ширум татковината кое не чекаше со раширени раце,дојовме сиромашни, а се вративме побогати за еден живот за еден позив“.[2] За образование на наставници за основните училишта и воспитувачи во предучилишните установи во 1959 година во Македоинија биле формирани Вишите педагошки школи. Понатаму во 1960/61 година истите преминуват во Педагошки Академии со двегодишна настава. Најпрво се отвориле во Скопје и Штип, а подоцна и во Битола.Педагошките Академии во 1995/6 година преминале во факултети со цел да се подигне квалитетот на воспитанието и образованието и за подготвување на наставници во одделнска настава и воспитувачи во предучилишното воспитание.

Учителот има голема одговорност не само околу стекнување на знаења во образованието и воспитанието туку и правилно вклопување односно социјализација на младата личност. Се работи за личност со многу исклучителни воспитни и други влијанија за насочување на ученикот и негово формирање како личност. Тој не пренесува туѓи идеи,туку е креативен, рефлексивен,критички ориентиран професионалец од акција и истражувач. Денес кога зборуваме за учителот мислиме на неговиот едукативен позив како реализатор на успешната настава со човечки позитивни карактеристики и многу активности надвор од него. Важна е улогата на учителот и во развивањето на свеста на учениците. Тие усвоените знаења ги користат во секоја ситуација континуирано во целиот живот.Ученоцоте се оспособиват да мислат,критички да преземат одговорност за сопственото учење,да соработуваат со другите и да развиваат љубопитност и потреба од постојано сопствено учење и методи и средства за самостојно учење. Наставникот „ во остварувањето на задачите на планот на активностите треба да се држи до принципот дека ученикот е субјект кој мисли и расудува со своја глава, покажува активност која му е својствена на секој човек, покажува интелектуална љубопитност. Ученикот честопати треба самиот да испитува некој факти, да набљудува некој предмет или појава, да опише некој настан да работи во работилница.Наставникот треба да биде само организатор, поттикнувач и раководител[3]. Тој има голема одговорност не само околу стекнувањето на знаењата во образованието и воспитанието туку и правилно вклопување односно социјализацијата на младата личност.Тоа значи дека и понатаму останува креативна личност кој ги следи сите промени и новости во образовниот систем. Со својот личен пример како треба да се работи и со својот авторитет, место,улога и функција и служи како личен пример на своите ученици.Вклучувањето на родителите во активностите во училиштата им помага на

[1] Братаниќ, М (1998) Соработна на учителот и ученикот како услов за успешност во наставата.Воспитни крстопати.

[2] Атанасов,Б (1999) Научивме да учиме.Придонесот на учителската школа “Гоце Делчев“-Штип во просветата и образованието и културата на РМ,списание на трудови.

[3] Николовска,Ј (2007) Педагошко-методички истражувања и погледи.Скопје: Матица.

учителите во индивидуалниот пристап на учениците. Нема успешен учител ако не соработува со родителите, семејството на ученикот. Блиската соработка со родителите е од исклучително значење. Тоа влијае на ефикасноста во воспитно образовната активност кој е дл од наставниот процес. Низ комуникацијата со родителите учителите добиваат информации за семејните услови на учениците карактеристиката на личноста на ученикот што ќе бидат во состојба подобро да излезат во пресрет на потребите не ученикот. Од друга страна, ваквите искуства можат да ги збогатат врските помеѓу семејството учителот и училиштето. Успешното поврзување на родителите и учителот може да се постигне преку комуникацијата и со други разновидни начини на поврзување.Родителите секогаш се сигурни за своите деца кога се во друштво со учителот и дека се во сигурни раце. Современиот учител перманентно се образува ги следи современите достигнувања во педагошката наука како и во целокупното достигнување во општествената средина. Квалитетот на учителот и наставата имаат мерливи вредности врз успехот на учениците. Тие знаат дека секогаш ја преземат одговорноста за успехот или неуспехот на секој ученик.Љубовта кон учителот и сеќавањата за него се најсилни и најтрајни во животот на ученикот.

Учителот и понатаму ќе биде столб во воспитно-образовниот процес. Отаму не случајна е максимата зад секој успешен ученик стои успешен учител. Тој и понатаму останува императив на новото време кој секогаш треба да се почитува.

## ЛИТЕРАТУРА


1. Камберски,К. ( 2010) Образованието во Македонија.Скопје: Аутопринт.
2. Николовска,Ј (2007) Педагошко-методички истражувања и погледи.Скопје: Матица.
3. Братаниќ, М (1998) Соработна на учителот и ученикот како услов за успешност во наставата.Воспитни крстопати
4. Атанасов,Б (1999) Научивме да учиме.Придонесот на учителската школа “Гоце Делчев“-Штип во просветата и образованието и културата на РМ,списание на трудови
5. Петров,Н. (1999) Трансформационо-иновационите процеси на воспитанието и образованието во Република Македонија за влез во новиот милениум.Битола: Биангл.
6. Концепција за деветогодишно основно воспитание образование